Бр. 02-379/1
3. 3. 2020 год.
Скопје

Согласно со членовите 2, 3 и 7 од Правилникот за распределба на средствата за информативни, информатички, културни, спортски и други активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (бр. 02-770 од 11.2.2011 година, бр. 02-712/19 од 3.11.2011 година, бр. 02-754/41 од 25.10.2012 година, бр. 02-965/7 од 28. 10. 2013 година, бр. 02-1192/5 од 31.10.2014 година, бр. 02-915/2 од 30.10.2015 година и бр. 02-844/19 од 6.11.2017 година) и Одлуката на Универзитетскиот сенат за распишување Интерен конкурс бр. 02 - 1207/19 од 27.12.2019 година, се распишува

# ИНТЕРЕН КОНКУРС
## за распределба на средства за спортски активности и културни активности и манифестации на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за 2020 година

**1.** Учесници во спортските активности и културните активности и манифестации кои финансиски ги помага Универзитетот, се студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**2.** Спортските активности и културните активности и манифестации, како и доделените финансиски средства треба да се реализираат до крајот на календарската 2020 година.

**3.** Дел од приходите остварени од уплатените средства на студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за информативни, информатички, културни, спортски и други активности, ќе се распределуваат врз основа на доставена програма/конкурсни проекти на субјектите кои ќе добијат приоритет, и тоа:

- одделно за проектите од областа културните активности и манифестации;
- одделно за проектите од областа на спортските активности.

**4.** Проектите што ќе конкурираат може да бидат организирани на ниво на универзитетски активности или на ниво на факултет.

**5.** Право да се јават на Конкурсот, како организатори на проектите од областа на спортот и културата, имаат факултетите и студентските оранизации на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје формирани согласно со закон.

**6.** Со пријавата на конкурсот, се доставуваат:

- доказ дека субјектот е универзитетска организација (тековна состојба од Централниот регистар на РСМ, статут, годишна програма за работа). Тековна состојба не се бара за студентските собранија основани согласно со новиот ЗВО.

Сите субјекти кои се јавуваат на Конкурсот доставуваат и Програма за потреба од средства за спортски активности и културни активности и манифестации, а секој проект да биде опишан на начин и согласно со образецот кој ќе биде доставен, кој е прилог на овој Конкурс.

**7.** Субјектите на кои им се прифатени проектите, се должни доделените средства да ги трошат наменски за спортските активности  или за културните активности и манифестации согласно со предлог - проектите.

Доколку проектот предвидува набавка на одредени средства тие средства треба да бидат строго наменски и исклучиво во функција на проектот.

**8.** Корисниците на финансиски средства се должни до Универзитетот да доставуваат  завршен извештај за потрошените средства во согласност со точка 7 од овој Конкурс, во зависност од динамиката на реализацијата на програмата.

**9.** Извештајот по овој Интерен конкурс се доставува веднаш по законскиот рок за поднесување годишни пресметки, а во него треба да бидат искажани:

- направените трошоци по ставки за секој проект поединечно согласно со програмата (фактури, фискални сметки и други релевантни докази),
- други елементи како доказ за наменско трошење на средствата.

**10.** Реализацијата на овој Конкурс ќе биде во согласност со одредбите од Правилникот за распределба на средствата за информативни, информатички, културни, спортски и други активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**11.** Заради порационална распределба и трошење на финансиските средства и заради ефикасно и  подобро следење и разгледување на пристигнатите проекти, се препорачува еден субјект да пријави еден проект или највеќе три.

**12.** Конкурсот се објавува на **3.3.2020** година и трае до **18.3.2020** година.

Потребните документи за учество на Конкурсот се доставуваат до Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бул. Гоце Делчев бр. 9, Скопје и на е-адреса: **ibogoev@ukim.edu.mk**

Прилог на овој Конкурс се обрасците 1 и 2,  со кои субјектите ги пријавуваат своите проекти и даваат извештај.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" * СКОПЈЕ * РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА